Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# АЛМАНАХ
## НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ
## 1915 – 1918



Штип, 2024

*На корицата:*
© Поповић, Андра. *Ратни албум 1914 –1918*, Београд 1926.

Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# АЛМАНАХ
## НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ
## 1915 – 1918

Штип, 2024

# ПРЕДГОВОР

Во годината кога ја одбележуваме 110-годишнината од почетокот на еден од најтрагичните настани во светската историја, Првата светска војна (1914 – 1918), чувствуваме зголемена одговорност пред објавувањето на оваа наша најнова, четврта книга од едицијата посветена на микро и макро – историското истражување и (пре)откривање на периодот на Големата војна и особено случувањата на Македонскиот фронт, од причина што таа има за цел да понуди поинакво разбирање на еден елемент од овој глобален конфликт, како своевидно упориште на научното гледиште, прикажано плуралистички и мозаично, а не шематски и еднозначно.

Следејќи го континуитетот на научноистражувачкиот интерес на претходните три книги: *Лексикон на Македонскиот фронт (1915 – 1918)*, *25-от час на Македонскиот фронт (1915 – 1918)* и *Македонскиот фронт низ фотографии (1915 – 1918)*, сите објавени во 2023 година, *Алманах на Македонскиот фронт (1915 – 1918)*, има за цел да ги рефлектира главните елементи и вредности коишто се однесуваат на војната на Македонскиот фронт, во соодветниот временски период од три години, коишто, според нашето длабоко уверување, може да претставуваат платформа за нов увид или, попрво, критички ангажман на читателите во

оформувањето сопствени размислувања, знаење и заклучоци за оваа тематика.

Се разбира, книгите од ваков тип повеќе се вреднуваат како целина, отколку воопштено. Во нивната фрагментираност на ниво на одредници, нужно може да се случат и пропусти, коишто, во секој случај, ќе бидат надминати во некое второ, дополнето и проширено издание.

Од содржински аспект, книгата што е пред нас се придржува до традиционалниот структурален формат на алманахот, што значи дека кратките информации и податоци во врска со темата од интерес, се организирани и подредени календарски, по година, месец и ден. Со оглед на тоа што една од клучните карактеристики на алманахот е всушност компилацијата или изборот на податоците, поврзани со темата и временскиот образец, на ова место би сакале да нагласиме дека нашата основна цел беше да им се овозможи на корисниците моментален пристап до оние релевантни датуми и настани коишто имаат капацитет да го прошират досегот и практичноста на информативните ресурси за Македонскиот фронт.

Нема сомнение дека долгата и разновидна историја на алманахот, недвосмислено покажува дека овој вид публикации отсекогаш се сметале за корисен и вреден информативен извор, којшто може да обезбеди суштински насоки за темата што во нив се обработува. Тој останува оригинален и траен тип книга, којашто не претставува само практична алатка во вреднувањето на значењето на одредени настани во историјата туку и повеќеслојна база на податоци, коишто можат да обезбедат пошироко и суштинско разбирање на минатото, како и неговото влијание врз сегашноста.

Оттука, оваа книга е всушност потсетник за важноста на опфаќањето одредена тема од различни аспекти. Во неа е извршена научна верификација на маса факти ослободени од историски наслојки и толкувања, коишто изворно ја откриваат и претставуваат целината на Македонскиот фронт, овозможувајќи му на читателот да оформи свое, автентично гледиште за овој исклучително важен историски период и во својот краен очекуван резултат, да доведе до продлабочено знаење за начинот на којшто тој го обликуваше светот во којшто живееме денес.

Големата војна имаше трајно влијание врз светскиот поредок, преобликувајќи го геополитичкиот пејзаж на начини што се чувствуваат и денес. Сосема е јасно дека сликата за оваа војна не може да се замисли без Македонскиот фронт, како значајна арена на воените операции и клучен терен во севкупната стратегија на Сојузниците на Балканот. Се чини дека бруталноста на Првата светска војна, токму на Македонскиот фронт го достигна врвот, при што војниците од двете страни во тешки услови трпеа огромни загуби. Но, војната силно го погоди и цивилното, македонско население, за чија жртва во овие значајни и епохални настани мошне ретко се зборува.

Затоа оваа книга, прва од ваков вид за оваа тема во македонската наука, ја сметаме и за легитимација и егзактна експертиза на македонската историска стварност од 1915 до 1918 година, којашто објективистички ја проследува целината на случувањата на македонската почва, промовирајќи свое сопствено, македонско паметење. За нас, како нејзини автори, тоа е доволна научна придобивка.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

355.4(497.7)”1915/18”(059)

ЦАЦКОВ, Оливер
Алманах на македонскиот фронт : 1915–1918 / Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска. - Штип : НУ Универзитетска библиотека “Гоце Делчев”,
2024. - 102 стр. ; 21 см

Библиографија: стр. [97]-102

ISBN 978-608-242-157-5

1. Илиева Николовска, Анита [автор]
а) Македонски фронт -- Воени дејствија -- 1915-1918 -- Алманаси

COBISS.MK-ID 63988741

д-р Оливер Цацков
д-р Анита Илиева Николовска

АЛМАНАХ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ
1915 –1918

Издавач
НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ –
Штип

Уредници
Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

Лектура
Бранкица Јовева

Илустратор на корица
Оливер Цацков

Компјутерска подготовка
Анита Илиева Николовска

Печат
„Сони прес“, Радовиш

Тираж
100 примероци